**20242654612**

**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

□□

Врз основа на член 34, член 70, член 75, член 91, член 92, член 100, член 131 и член 190, а во врска со член 71, член 90, член 93, член 99, член 128, член 184 и член 199 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.31/2020, 288/2021 и 53/2024) Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 19.12.2024 година, донесе

**ПРАИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА СОДРЖИНА, ФОРМА И РОКОВИ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОВЛАСТЕНИТЕ УЧЕСНИЦИ, БЕРЗИ И ДЕПОЗИТАРИ**

Член 1

Во Правилникот за задолжителната содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето на овластените учесници, берзи и депозитари (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 273/2020) се вршат следниве измени:

1. во член 3 ставот (3) се менува и гласи: „Содржината на извештаите е пропишана во Прилог 1, Образец 1.1, Образец 1.2, Образец 1.3 и Образец 1.4 кои се составен дел на овој Правилник.“;

2. во член 4 ставот (6) се менува и гласи: „ Содржината на извештајот од став (1) на овој член е пропишана со Прилог 1, Образец 1.5 кој е составен дел на овој Правилник“;

3. во член 4 ставот (7) се менува и гласи: „ Содржината на изјавата од став (4) на овој член е пропишана со Прилог 1, Образец 1.6 кој е составен дел на овој Правилник.“;

4. во член 5:

-ставот (2) се менува и гласи: „Извештаите од став (1) на овој член содржат извештај за финансиската состојба, извештај за сеопфатна добивка, извештај за парични текови и извештај за промените на капиталот и извештај за имотот што се чува и се изработуваат за период од почетокот на годината заклучно со последниот ден од периодот за кој се однесува извештајот.“ и

-ставот (3) се менува и гласи: „ Содржината на извештаите е пропишана во Прилог 1, Образец 1.7, Образец 1.8, Образец 1.9, Образец 1.10 и Образец 1.11 кои е составен дел на овој Правилник“;

5. во член 11 ставот (3) се менува и гласи: „ Содржината на извештаите е пропишана во Прилог 2, Образец 2.1, Образец 2.2 и Образец 2.3 кои се составен дел на овој Правилник.“;

6. во член 12:

- реченицата во ставот (4) „Содржината на извештајот е пропишана со Анекс 2, Прилог 1, Образец 1.5 кој е составен дел на овој Правилник“ се менува и гласи: „ Содржината на извештајот е пропишана со Прилог 2, Образец 2.5 кој е составен дел на овој Правилник.“;

- ставот (5) се менува и гласи: „ Содржината на извештајот од став (1) на овој член е пропишана со Прилог 2, Образец 2.4 кој е составен дел на овој Правилник.“;

7. во член 13:

- ставот (2) се менува и гласи: „Извештаите од став (1) на овој член содржат извештај за финансиската состојба, извештај за сеопфатна добивка, извештај за парични текови и извештај за промените на капиталот и извештај за работа и се изработуваат за период од почетокот на годината заклучно со последниот ден од периодот за кој се однесува извештајот.“ и

- ставот (3) се менува и гласи: „Содржината на извештаите е пропишана со обрасците во Прилог 2, Образец 2.6, Образец 2.7, Образец 2.8, Образец 2.9 и Образец 2.10 кои се составен дел на овој Правилник.“;

8. во член 15 ставот (3) се менува и гласи: „Содржината на извештајот од став (1) е пропишана со обрасците во Прилог 3, Образец 3.1 и Образец 3.2, кои се составен дел на овој Правилник.“;

9. во член 16 ставот (3) се менува и гласи: „Содржината на извештајот од став (1) е пропишана со Прилог 3, Образец 3.3 и Образец 3.4 кои се составен дел на овој Правилник.“;

10. во член 17:

-ставот (5) се менува и гласи: „ Содржината на извештајот од став (1) на овој член е пропишана со Прилог 3, Образец 3.5 кој е составен дел на овој Правилник.“;

- ставот (6) се менува и гласи: „Содржината на извештајот од став (3) на овој член е пропишана со Прилог 3, Образец 3.6 кој е составен дел на овој Правилник.“;

11. во член 18:

- ставот (2) се менува и гласи: „Извештаите од став (1) на овој член содржат извештај за финансиската состојба, извештај за сеопфатна добивка, извештај за парични текови и извештај за промените на капиталот и се изработуваат за период од почетокот на годината заклучно со последниот ден од периодот за кој се однесува извештајот.“

- ставот (3) се менува и гласи: „ Содржината на извештаите од став (1) на овој член е пропишана со обрасците во Прилог 3, Образец 3.7, Образец 3.8, Образец 3.9 и Образец 3.10 кои се составен дел на овој Правилник.“.

Член 2

(1) Прилозите и обрасците од овој Правилник Комисијата ги објавува на својата веб страна и ќе се применуваат за сите известувања кои се однесуваат на периодот по 01.01.2025 година, по што престануваат на важат Анекс 1, 2 и 3 со сите нивни Прилози и Обрасци од Правилникот за задолжителната содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето на овластените учесници, берзи и депозитари (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 273/2020).

(2) Овој Правилник влегува во сила 8 дена од денот на објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.

Број 01-863/1
19 декември 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.